Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 8 од Статутот на општина Василево („Службен гласник“ на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 13.11.2015 година ја донесе следната:

**Програма**

за уредување просторот на градежното земјиште во руралните подрачја на општина Василево за 2016 година

Вовед:

Програма се донесува со цел за уредување на просторот во определени места. Програмата е со цел да овозможи задоволување на потребите на градежната оператива за изградба и реконструкција на објекти во населените места. Инаку во програмата се опфатени сите активности поврзани со расчистување на постојни инсталации и други пречки кои ќе се јават при отпочнувањето на реализацијата на програмата.

Со оваа програма се предвидува одредени објекти сопственост на општина Василево да им се изврши одредена адаптација и прилагодување со цел да бидат во функција на граѓаните.

Ова се однесува претежно на објектите како културните домови, школските дворови, и другите комерцијални објекти кои се сопственост на општината.

Степенот на реализација на програмата ќе се реализира согласно динамиката на прибирање на средствата од Буџетот на општина Василево.

член 1

А. Подготвителни работи:

- ✓ Расчистување на имотно-правни односи доколку постојат,
- ✓ Прибирање на урбанистичка документација и
- ✓ Изработка на инвестициона-техничка документација (проекти).

Б. Опремување на објектите со инфраструктура:

- ✓ Реконструкција на објекти во месните заедници (школи културни домови и слично),
- ✓ Оградување и заштита на просторот околу објектите сопственост на општината,
- ✓ Изградба на други објекти од областа на инфраструктурата.

член 2

Уредувањето и реконструкцијата на објектите и земјиштето ќе се врши од средствата што ќе се прибираат од:

- ✓ Буџетот на општина Василево од: ..........................................................10.000.000 ден.

Вкупно:......................................10.000.000 ден.

член 3

FDA . Уредување на градежно земјиште во населените места во општина Василево

1. Опремување со парно греење во школото во Доброшинци, Чанаклија,Радичево и Сушево од: ......................................................................................................1 000 000 ден.
2. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Висока Маала средства од.....2 500 000 ден.
3. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Дукатино средства од.............2 500 000 ден.
4. Изградба на повеќенаменско игралиште во с.Доброшинци средства од ......2 500 000 ден.
5. Изградба на детско игралиште во паркот во с.Василево средства од ..............500 000 ден.
6. Изградба на детско забавен парк во с.Ангелци средства од...........................1 000 000 ден.
7. Изградба на постројка со парк во с.Радичево средства од.............................1 000 000 ден.

Вкупно: ..................................11 000 000 ден.

член 4

Оваа Програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.08-3760/1
17.11.2015г.
Василево

Совет на општина Василево
Претседател,
Душко Атанасов с.р